ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Македонија

3-553-101.01

# Политика за енергетска ефикасност на А.Д. ЕЛЕМ

*Свесни за фактот дека компаниите за производство на енергија се и сериозен потрошувач на енергија, ја препознавме потребата за подигнување на свеста и промена на односот кон одговорно користење на енергијата. Затоа, како корпоративно општествено одговорна компанија, чувствуваме обврска да покажеме лидерство во рационалното користење и менаџирање со енергетските ресурси, со што, ќе бидеме пример за нашите корисници и деловни партнери. Во таа насока се обврзуваме на почитување на следните принципи:*

- *Посветеност за доследна примена на законските одредби за енергетската ефикасност и зачувањето на животната средина.*
- *Подобрување на ефикасноста на технолошките процеси преку изнаоѓање и имплементирање на нови енергетски ефикасни решенија.*
- *Постојано мониторирање и подобрување на енергетските перфомански на постројките и на вградената опрема.*
- *Континуирана грижа за енергетските перфомански при набавка на нова опрема и услуги.*
- *Изноѓање начини за штедење на енергетските ресурси, искористување на отпадната топлина и воведување на алтернативни извори на енергија .*
- *Континуирано подигнување на свеста, поттикнување и едукација на сите вработени за препознавање на потенцијалот за одговорно користење на енергијата.*
- *Промовирање на мерки и зафати за рационално користење на енергијата.*
- *Документирање, анализа и ревизија на податоците што го рефлектираат рационалното менаџирање со енергетсите ресурси и нивна дистрибуција на сите нивоа во организацијата.*
- *Примена на индивидуална и колективна одговорност при реализација на политиката за енергетска ефикасност.*
- *Одржливо користење на енергијата.*

*Имајќи го предвид сето горенаведено, поставуваме долгорочна цел да се придружиме на редот на енергетски ефикасните компании кои постојано имплементираат практики за заштитата на животната средина .*

**Претседател на Управен одбор**
д-р Христијан Мицкоски

тел.:+389 (0)2 31 49 278, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk